ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **10.12.2019** год. (вторник) со почеток од 13:30 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**

со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието: работно претседателство, верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот
2) Усвојување на Записник од претходната седница
3) Извештај на верификационата комисија
4) Назначување на Почесен член на ДГМ: д-р Петр Куделка (Р. Чешка)
5) Доделување на Благодарница на ДГМ: Институт за теориска и применета механика – Чешка академија на науки, Прага
6) Извештај за работата на ДГМ во 2019 год. и извештај за финансиска состојба
7) Избор на претседател на Млади геотехнички инженери за период 2019-21
8) Годишен план за активности на ДГМ за 2019 год.
9) Предавања на проф. Дитмар Адам, гостин-професор на Градежен факултет:
    a. Selected case studies from geotechnical engineering practice in Europe – Geotechnical design and execution: Ground improvement versus hybrid foundation and deep foundation – three case histories of European significance
    b. Dynamic roller compaction for earthworks – Roller-integrated Continuous Compaction Control: State of the art overview and recent developments

Коктел: 15:00 – 16:00 ч.

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи во Салата за состаноци при Градежен факултет
- Доколку сте спречени да земете учество во работата, Ве молиме својата согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

Во Скопје, 04.12.2019 год.

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

ЗАПИСНИК
ОД ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ ОДРЖАНО НА 24.12.2018 ГОД.

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, на **24.12.2018** год. во **13 ч.**, свика Годишно собрание со

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието: работно претседателство, верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот
2) Усвојување на Записник од претходната седница
3) Извештај на верификациона комисија
4) Извештај за работата на ДГМ во 2018 год. и усвојување на годишна пресметка
5) Годишен план за активности на ДГМ за 2019 год.
6) Разно
7) Презентации на домашни компании од реализирани истражување, проектирање, изведба и надзор над инфраструктурни објекти во земјата и регионот

Собранието се одржа во Салата за состаноци при Градежен факултет, а по усвојувањето на точките, се пристапи кон нивен претрес, имајќи предвид дека материјалите за нив беа проследени до членовите на ДГМ, а дел од нив, во меѓувреме, доставија мислење по електронски пат. Претседателот го отвори Собранието и им се заблагодари на присутните за поддршката и присуството.

1) Избор на работни тела на Собранието: работно претседателство, верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот

За работните тела на Собранието беа предложени и потврдени: работно претседателство – доц. Јован Папиќ, проф. д-р Милорад Јовановски, д-р Драган Димитриевски и доц. д-р Игор Пешевски; верификациона комисија – Ванчо Ангелов и доц. д-р Стевчо Митовски; верификувачи на записникот – вонр. проф. д-р Јосиф Јосифовски и м-р Бојан Јаневски; записникот го водеше м-р Бојан Сусинов.

2) Усвојување на Записник од претходна седница на Собрание на ДГМ

Записникот од претходната седница беше усвоен едногласно.

3) Извештај на верификациона комисија

Верификационата комисија извести дека се исполнети условите за полноправно одлучување на Собранието.

4) Извештај за работата на ДГМ во 2018 год. и усвојување на годишна пресметка

Претседателот посочи дека извештајот се однесува на тримесечната работа на новото Претседателство и го надополнува оној од претходното Претседателство, усвоен на Изборното собрание. Беа споменати повеќе активности: успешно организираната XVI DECGE на која учествуваа околу 350 учесници со 150 реферати, 10 повикани предавачи, беа издадени два тома Зборник на трудови, електронско издание, како и еден број на списанието Scientific Journal of Civil Engineering кое го издава Градежен факултет во Скопје; проф. д-р Ахмет Сагламер имаше посетен настап на презентацијата „Геотехниката и хидротехничките објекти“, а за што и во весникот „Порта3“ беше објавен извештај; ДГМ изработи и речник на поими од механика на карпи што неодамна беше поставен на интернет-страната на ISRM; член на ДГМ (Бојан Сусинов) учествуваше на EYGEC во Грац; настапи на трибината на ЗМКГБ; студенти на студиската програма по геотехника и претставници на македонската оператива – поддржувачи на работата на ДГМ, присуствуваа на симпозиум за примена на современа механизација во Виена и сл.

За годишната пресметка беше доставен материјал во електронска форма за состојбата на двете сметки на Друштвото. Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење на ДГМ се уплатите од спонзорите во вид на котизации и донации (посебно изразено од уплатите поврзани со XVI DECGE), а значајна помош се и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, ДГМ ги покри следните расходи:

- Трошоци за XVI DECGE (промотивен материјал; интернет-страна; сместување на повикани предавачи и членови на извршни одбори на ISSMGE и ITA; печатење; конференциски услуги и др.)
- Ситни трошоци за банкарски провизии и даноци
- Годишни членарини за ISSMGE и ISRM

Со оглед на обемот на трансакции, завршната сметка на ДГМ за 2018 год. сè уште не е целосно подготвена, па во најскоро време членовите ќе бидат контактирани за да дадат согласност или евентуални забелешки. Она што може да се констатира е дека финансиската состојба е доста поволна, што ќе овозможи ползување на еден дел за стипендирање на студенти на насока за геотехника, што оваа година беше за првпат сторено, кога на петмина бруцоши им беа доделени потврди за ослободување од школарина, во насока на популаризација на струката помеѓу младите, но и етаблирање во јавноста.

5) Годишен план за активности на ДГМ за 2019 год.

Во претходните неколку години беше разгледувана можност за организирање на заедничка конференција со сродните друштва од регионот, за да кон крајот на 2018 год. се пристапи кон составување на меморандум за соработката помеѓу друштвата. Во текот на 2019 год. се очекува негово формално потпишување, а набргу потоа и постапување по иницијативата. Со оглед дека во 2019 год. свои конференции ќе одржат друштвата за геотехника на Хрватска, БиХ и Србија, во рамките на Собранието беше даден предлог првата таква конференција да се одржи во 2020 год. во Македонија, кога ионака треба да се реализира национална.

Согласно добиено образложение од поднесувач, беше претставен предлог за зачленување во Балканска геофизичка асоцијација (БГА). Имено, поради малиот број на адекватно стручни лица, не постои можност да се формира засебно геофизичко здружение во РМ, па поддршка за тоа се побара од ДГМ, во форма како што веќе беше сторено со ISRM. Предлагачот, доц. д-р Ирена Ѓорѓеска од ИЗИИС, појасни дека е во контакт со лицата од БГА и ги изнесе идните потребни активности за зачленување, после што проф. Јовановски, кој воедно додаде и дека РМ е членка и на мошне широката геодетско-геофизичка унија, ја предложи за контакт лице и подготовка на документацијата за зачленување.

Во врска со планираните гостувања на еминентни лица во областа, најавено е доаѓање на проф. Дитмар Адам од ТУ Виена, а членовите беа повикани да предложат тема на предавањата.

Друштвото отвара можност за одржување на обуки од интерес на членовите на ДГМ, па за почеток, на пр., предложено е гостување на проф. Ласло Чаки од Рударско-геолошкиот факултет во Белград и на Дамир Штухец од Геотехничкиот факултет во Вараждин, за потребите на лабораториите, чии кадри ионака за потребите на акредитацискиот процес треба да имаат поминато соодветни обуки.

Со оглед дека интернет-страната на ДГМ е поврзана со онаа на Градежниот факултет, а дека таа пак се префрла на нова платформа, во текот на 2019 год. ќе се пристапи кон изготвување на нова, согласно досегашните искуства на ДГМ, но и на оние од регионот.

Периодов се заокружуваат три години од презентирањето на предлог-ценовникот за геотехнички услуги, па се предложи организирање на тркалезна маса за да се оцени неговата успешност и применливост.

ДГМ ќе делегира претставници во техничките комитети на ISSMGE. Како позитивен пример беа спомнати презентациите на проф. Јовановски во Лувен, Белгија.

Членови на ДГМ ќе учествуваат на претстојните конференции на HGD, ECSMGE, M/EYGEC, GEO-EXPO, СДМТГИ, каде секако има и претставници во научните одбори.

Проф. Димитриевски предложи претставување на работата на ТК11 при ИСРМ.

Од страна на проф. Јовановски беше даден предлог за формирање на база на податоци за свлечишта долж инфраструктурни објекти заедно со ЈПДП.

М-р Блашко Димитров предложи да се формира комисија (заедно со другите друштва) со цел давање на забелешки при подготовката на Законот за градење.

6) Разно

Во оваа точка проф. Јовановски извести дека и во Инженерската институција се формира Одделение за млади инженери, па предложи ДГМ да делегира два члена.

7) Презентации на домашни компании од реализирани истражување, проектирање, изведба и надзор над инфраструктурни објекти во земјата и регионот

Од страна на истакнати претставници на домашните компании беа презентирани досегашни искуства при истражување, проектирање, изведба и надзор над инфраструктурни објекти во земјата и регионот. Борислав Ѓошевски од „Геохидроконсалтинг“ даде осврт на досегашните геотехнички и геолошки истражувања и испитувања вдолж трасата на железничкиот Коридор 8. Роберт Живадиновиќ од ГИ „Македонија“ презентираше проблеми од соседна Србија при изградба на автопатот Е-75, додека Драго Котаранин од ГЕИНГ КУК даде осврт на санациони мерки на автопатската делница Велес-Катланово и Неготино-Демир Капија.

Во рамките на затворањето на Годишното собрание, Претседателот се заблагодари на присутните и на фирмите кои пружаат поддршка во работата на ДГМ, по што се организираше скромен коктел.

Собранието беше затворено во 14:15 ч.

Записничар,
м-р Бојан Сусинов

Верификувачи на записник,
В. Проф. д-р Јосиф Јосифовски
м-р Бојан Јаневски

Секретар на ДГМ,
доц. д-р Игор Пешевски

Претседател на ДГМ,
доц. д-р Јован Папиќ

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 10.12.2019 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание на д-р Петр Куделка од Република Чешка и го прогласува за Почесен член на ДГМ.

2. Признанието се доделува поради исклучителен придонес во следните полиња:

- Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, како и трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните и истражувачките организации, развојните и проектанските служби и производните претпријатија од областа на геотехниката;
- Поттикнување на трансфер на знаења, научно-технички информации и технологии во земјата и кон други земји преку организирање и поттикнување на различни форми на професионални средби и презентации, изложби, семинари, симпозиуми и слично;
- Иницирање, поттикнување и промовирање на истражувања и други форми на инвентивна работа од областа на геотехниката;
- Грижа за стручно усовршување и обновување на знаењата на членовите.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 10.12.2019 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание БЛАГОДАРНИЦА НА ДГМ на ИНСТИТУТОТ ЗА ТЕОРИСКА И ПРИМЕНЕТА МЕХАНИКА ПРИ ЧЕШКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИ – ПРАГА.

2. Признанието се доделува поради постојан придонес во следните полиња:

- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
- Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, како и трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните и истражувачките организации, развојните и проектанските служби и производните претпријатија од областа на геотехниката;
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со надлежните институции за прашања од интерес за геотехниката во Македонија.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 10.12.2019 год. го разгледа поднесениот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА**
**ДГМ ЗА 2019 ГОДИНА**

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2019 год. Сите активности се засновани врз стекнатите традиции во претходните години на делување. Како и тогаш, и сега главна цел е да се задржи континуитетот во исполнување на програмските определби, да се обезбеди доследно вршење на мисијата на Друштвото и да се создадат услови за негов натамошен развој.

За извештајниот период, активностите започнаа при крајот на 2018 год. со одржаната седница на ИО и Собранието на 24.12.2018 год., а се одвиваа по одредена динамика до денот на одржување на Годишното собрание на ден 10.12.2019 год. Најзначајните активности се прикажани низ неколку точки.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Како и во претходните години, така и во 2019-та год., активностите кои се извршуваа во најголем дел беа дефинирани на претходната седница на Годишното собрание одржано на крајот на 2018 год., од која погоре е изнесен Записникот.

Во тековната година, беа одржани две седници на ИО на ДГМ, на кои се даваше пресек на реализираните работи и се дискутираше околу одржувањето на идниот симпозиум на ДГМ.

Подолу се дава хронолошки преглед на реализираните активности во 2019 год.

- На крајот на месец јануари, земено е учество на 12-та конференција на Австрискиот национален комитет за ISSMGE, во рамките на која се одржа и геотехнички саем. На конференцијата му беше оддадено вредно признание на проф. д-р Милорад Јовановски од Австриската асоцијација на архитекти и инженери: Голем златен медал за заслуги, за неговиот исклучителен научен и практичен придонес во развојот на инженерската геологија и геомеханиката;
- 26.3. – организиран еднодневен семинар на MOBA и TENSAR, при што беше извршена презентација на материјали за контрола на изведба и за проектирање на патна инфраструктура;
- 28-29.3. – во Сараево одржан состанок со претставници на друштва за геотехника од регионот со цел започнување на серија заеднички конференции;
- Во тој период, подготвено е барање за зачленување на ДГМ во Балканската геофизичка асоцијација;

- Во април е земено учество на конференција на Хрватското геотехничко друштво во рамките на која се остварени контакти со претседателот на ISRM, проф. Решат Улусај и други членови на раководството, од каде произлезе поддршка за организацијата на Петтиот симпозиум на ДГМ;
- Во периодот 20-24.5., во Скопје престојуваше секретарот на Романското друштво за геотехника, вонр. проф. д-р Ернест Олиник, кој одржа и серија предавања;
- На 22.5. заеднички е земено учество на еднодневна конференција во Софија, кога се остварени средби со претседателот и секретарот на Бугарското друштво за геотехника, со претставници на факултетот, со проф. Брандл и проф. Ваничек итн., а е набавена стручна литература;
- Набавена е и друга стручна литература во печатена форма, а обезбедена е и одредена во електронска за лабораториски работи;
- Доставен список на членови во ISSMGE и отпечатени членски картички;
- За потреби на состанок на Советот на ISSMGE, поднесен е извештај за работата на ДГМ во претходните две години;
- Во мај/јуни ДГМ испрати забелешки до КОАОИ за нацрт-Законот за градење. Активностите на него, засега, се замрени;
- Воедно, ДГМ преведе на македонски јазик важечки правилници и градежна регулатива од Словенија и Хрватска кои ја опфаќаат геотехниката;
- Поради отсуство на експлицитно именување на геотехниката, иницирано е толкување за нацрт-Тарифникот од КОАОИ, од каде е добиена информација дека е вклучена во делот проектирање;
- Лекториран превод на Еврокод 7 – РГ7 при ТК40 на ИСРСМ. Се очекува да стапат на сила до крајот на годината, додека во Европа е во тек подготовка на нова генерација, со изразени промени во ЕС7, вклучувајќи и наслов на самите еврокодови;
- Обезбедени се средства за школарини на пет студенти од I и пет студенти од II година на студиска програма за геотехничко инженерство;
- Во јуни во посета на ДГМ беше д-р Бариш Трак, учесник на XVI DECGE, кој претстави истражувања и можности за стипендирање на наш докторанд во Швајцарија;
- На 20.6. одржан е состанок на Извршниот одбор на ДГМ, каде е даден преглед на реализираното и дискутирано по однос на работи што претстојат;
- Започнати се контакти за формирање на интернет-страница на ДГМ;
- Добиена е согласност за организирање на Европска конференција на млади геотехничари (EYGEC) во 2022 год.;
- Во летниот период поднесен е извештај до ISRM за реализирани активности во период 2018-19;

- 01-06.9. земено учество на XVII Европска конференција за МПГИ (материјали достапни на www.issmge.org), каде беа петмина претставници. Истата беше мошне афирмативна за нас, бидејќи имавме: едно пленарно излагање (на завршниот ден, д-р Јулијана Бојаџиева), две усмени презентации, еден постер, како и водење на сесија. Земено е учество и на работилници одржани пред и за време на конференцијата, а во рамките на дел од состаноците и извештаите за работата на техничките комитети на ISSMGE, прикажан е уделот на членовите на ДГМ. Воедно, изнесени се позитивни импресии од DECGE 2018, истакната е наградата на проф. Брандл, најавено е одржувањето на Европската конференција за млади геотехничари кај нас во 2022, ги застапувавме друштвата за геотехника на Србија и БиХ при гласање (следна ECSMGE – Лисабон), обновени се контакти воспоставени на DECGE итн. (материјали од конф. достапни на сајт);
- 13-18.9. – во Бразил одржан конгрес на ISRM, каде членови на ДГМ објавија реферат. Во рамките на подготовката за конгресот, реализирана е комуникација со претставници на друштва за карпи во Италија и Шпанија, и дадени се инструкции за гласање. Настанати се промени во претседателството, но регионот сѐ уште има претставник: Војкан Јовичиќ, доскорешниот претседател на СлоГеД. Комуникацијата доведе до уште една поддршка за симпозиумот на ДГМ;
- 18-22.9. – одржан 10-ти Конгрес на Балканско геофизичко друштво во Варна. ДГМ беше застапувано од колегите д-р Ирена Ѓорѓевска и м-р Горан Алексовски, кои го поднесоа барањето за зачленување. По дискусиите, побарани се дополнителни објаснувања, за кои ДГМ наскоро ќе го проследи одговорот;
- 26-27.9. – учество на член на ДГМ од ИЗИИС (м-р Јорданка Чанева, претседател на Одделение за млади инженери при ИМИ) на 27-ма EYGEC (материјалите од конференцијата се проследени);
- Септември: формирана е страницата mag.net.mk, но претстои пополнување;
- Периодот септември-ноември изобилува со настани во Скопје и Охрид: WMHE, ДГКМ, ЗМКГБ и ДПМ, со поддршка и учество на членови на ДГМ;
- 06.10. – состанок на Совет на ISSMGE во Кејптаун: ДГМ застапувано од претседателот на Австрискиот национален комитет за ISSMGE, проф. Хелмут Швајгер;
- Проф. Решат Улусај, претседател на ISRM, избран за визитинг-професор на ГФ;
- Членови на ДГМ продолжуваат со објавување на реферати во престижни списанија (одредени и со импакт-фактор);
- На 16.10. одржан е состанок на Извршниот одбор на ДГМ, каде е дискутирано за организацијата на Петтиот симпозиум на ДГМ, кој треба да претставува и Втора регионална конференција
- 23-25.10., во Сараево е одржан GEO-EXPO 2019 и 4-ти ReSyLAB, а воедно и Првата конференција на друштвата за геотехника од регионот. ДГМ зеде учество со шест претставника и неколку презентации. Воедно, остварена е средба и со претседателот на ISSMGE, проф. Нг;

- Во периодот 13-15.11., во Врњачка Бања се одржа Осмото советување „Геотехнички аспекти грађевинарства", во кое, со 10-те члена, ДГМ беше активно присутно во излагачките сесии, вклучувајќи го и повиканото предавање на проф. Шешов. Имајќи ја предвид долгогодишната блиска соработка, на ДГМ му беше доделено признание од Сојузот на инженери и техничари на Србија, како и на професорите Шешов и Папиќ, за заслуги во остварувањето на целите и задачите;
- На 22.11. во Блед се одржаа традиционалните Шукљеови денови, каде учество зеде проф. Јосиф Јосифовски;
- Во периодот 24-28.11., на Геотехничкиот факултет во Вараждин престојуваа тројца млади геотехничари, каде се запознаа со работата на факултетот и се стекнаа со значајни искуства за потреби на лабораториски активности;
- 10.12. – Годишно собрание, предавања на проф. Адам (и на 11.12.).

Во целина, 2019 год. беше одбележана со голем број активности, при што во последното тромесечје посебен акцент се дава на Петтиот симпозиум што ќе се одржи во периодот 28-30.5.2020 год., а воедно ќе биде и Втора регионална конференција и се организира со поддршка на ISRM. За него е подготвено Прво соопштение со солидна содржина на детали, кое е во фаза на споделување, со цел стручната јавност навремено да се информира.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење на ДГМ се уплатите од спонзорите во вид на котизации и донации, како и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од преостанатите средства од минатата година, Друштвото ги покри следните расходи:

- Дел од трошоци за учество на Првата регионална конференција во Сараево,
- Трошоци за банкарски провизии и даноци
- Годишни членарини за ISSMGE
- Годишни членарини за ISRM

Покрај сите овие финансиски трансакции во минатиот период, до моментот на одржување на Собранието на сметката на ДГМ има средства во висина од околу 1420000 ден. Состојбата со приходи и расходи до денот на одржување на Собранието е прикажана во прилог на овој Извештај. Може да се заклучи дека состојбата на сметката е релативно поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци до крајот на фискалната година и за дел од наредната, за кога ни претстои одржување на Петтиот симпозиум каде ќе имаме поголем број на гости од странство: повикани предавачи, делегирани претставници на друштва и сл.

## 5. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2019 год. Како што можеше да се види, продолжено е со учество и одржување на настани, а и соработката со сродните и блиски друштва е обострано негувана, за што е и добиено вредно признание. Со тоа, сметаме дека зад нас е мошне плодна година, која ДГМ го потврди како значајно здружение кај нас, почитувано во регионот, но и многу пошироко. Секако, тоа ги покачува и идните планови и очекувања, за што ќе биде неопходна поддршка од членството, вклучувајќи ги и младите, што ќе треба да се преточи во успешно организиран Петти симпозиум. Имајќи го сето ова предвид, изразувам благодарност за пружената поддршка и реализираната работа, која верувам дека ќе остане константа.

Со почит,

Претседател,

Вонр. проф д-р Јован Бр. Папиќ

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Годишен финансиски извештај за**
**ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**
**за 2019 година**

| **Ставка** | **Износ [ден.]** |
|---|---:|
| **Приходи остварени во период од 01.01.2019 до 06.12.2019** | **1.583.374,00** |
| **Расходи остварени во период од 01.01.2019 до 06.12.2019** | **162.283,00** |
| **Разлика на приходите над расходите** | **1.421.291,00** |
| | |
| **Вкупниот приход е остварен по основ:** | |
| Пренесен приход од минатата година | 1.577.374,00 |
| Членарини и донации | 6.000,00 |
| Приходи од камати | 0,0 |
| Приходи од котизации | 0,0 |
| **Вкупно** | **1.583.374,00** |
| | |
| **Расходот е по основ:** | |
| Административни услуги | 11.456,00 |
| Провизија | 6.946,00 |
| Превоз (Сараево / март, октомври) | 57.700,00 |
| Членарина ISRM 2018 и 2019 | 4.697,00 |
| Членарина ISSMGE | 35.881,00 |
| Членарина ИСРСМ | 6.948,00 |
| Котизација за симпозиуми (EYGEC) | 15.220,00 |
| Хостинг за WEB (decge2018.mk) | 6.996,00 |
| Регистрација на домен (mag.net.mk) | 10.299,00 |
| Патен налог (Виена) | 3.780,00 |
| Сметководство | 2.360,00 |
| **Вкупно** | **162.283,00** |

Лице одговорно за составување на финансиски извештај за 2019,

Потпис

Лице одговорно за потпишување на финансиски извештај за 2019,

Потпис

Во Скопје, 06.12.2019 год.

Врз основа на Статутот на ДГМ, Собранието на ДГМ, на седница одржана на ден 10.12.2019 год. донесува

**П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А**

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
МЛАДИ ГЕОТЕХНИЧКИ ИНЖЕНЕРИ ЗА
ПЕРИОД 2019-2021

1. Друштвото за геотехника на Македонија донесува одлука за Претседател на млади геотехнички инженери за период 2019-21 да биде избран/а м-р Тони Китановски.

2. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 16 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на ден 10.12.2019 год. донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДГМ ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Годишниот план за работа на ДГМ ќе се реализира преку вршење на дејностите дефинирани во Статутот на ДГМ (во натамошниот текст: Статут);

**Член 2**

ДГМ ќе ја организира и остварува својата активност во тек на годината континуирано.

**Член 3**

ДГМ ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основано во согласност со средства од самофинансирачки активности, членарини, донации и сл.

**Член 4**

ДГМ ќе остварува соработка со сите придружни членки, високообразовни и научни установи и Комората на овластени архитекти и овластени инженери и Инженерската институција на Македонија согласно со Статутот и Одлуките на Извршниот одбор (ИО) на ДГМ, врз основа на потпишани меморандуми за соработка.

**Член 5**

Во периодот 28-30.5.2020 год., ДГМ ќе го организира Петтиот симпозиум, кој ќе претставува и Втора конференција на регионалните друштва за геотехника. Петтиот симпозиум ќе се организира со поддршка на Меѓународното друштво за механика на карпи.

**Член 6**

За потребите на организација на симпозиумот, ИО на ДГМ ќе одржува редовни седници.

**Член 7**

ДГМ ќе продолжи со организирање на гостувања (проф. Ахмет Сагламер), тркалезни маси (за примена на ценовникот на геотехнички услуги), семинари (Дирекција за заштита и спасување), презентации (на работата на ТК 11 при ИСРСМ), обуки (софтвер SLIDE) од интерес на членовите на Друштвото, за што редовно ќе ги информира по електронски пат (е-пошта, интернет-страница, билтен и сл.). ДГМ ќе се заложи и за издавање на универзитетска литература од областа на геотехниката.

**Член 8**

Членовите на ДГМ ќе учествуваат со свои трудови на конгреси, симпозиуми и други научни и стручни собири во земјата и странство (ЗМКГБ, GEO-EXPO, EYGEC, ISC...).

Членовите на ДГМ се охрабруваат да земат учество и во работата на техничките комитети при меѓународните друштва.

**Член 9**

ДГМ ќе ја продолжи постапката за зачленување во Балканската геофизичка асоцијација.

**Член 10**

За потребите на Јавното претпријатие за државни патишта, ДГМ ќе пружи поддршка во формирање на база на податоци за свлечишта долж инфраструктурни објекти.

**Член 11**

ДГМ ќе ја продолжи комуникацијата со сродните друштва и во поглед на давање на забелешки при подготовката на Законот за градење.

Доколку се создадат услови, ДГМ може да ги изложи подготвените предлог-регулативи (правилници) за потреби на надградување на постоечката геотехничка легислатива кај нас.

За остварување на овие и други цели, ДГМ ќе потпише меморандум со Стопанската комора.

**Член 12**

ДГМ ќе се грижи и превзема мерки за тековно и инвестиционо одржување на Клубот на здруженија доделен во просториите на Градежниот факултет.

**Член 13**

ДГМ ќе врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на ДГМ.

**Член 14**

Средства за реализација на активностите на ДГМ се обезбедуваат врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица;
- вршење високостручни услуги (изработка на проекти, страгегии, студии, ревизии, мислења, експертизи, мислења и сл.) на домашни и странски физички и правни лица;
- партиципација од членарини и уплати од придружните членки;
- приходи од котизации;
- други извори.

**Член 15**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување на Годишното собрание на ДГМ.

Претседател на ДГМ,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

**Работата на ДГМ во изминатиот период ја поддржаа**

- АДИНГ АД – Скопје
- АДОРА – ИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- БАЛКАН – КОНСАЛТИНГ – Скопје
- БЕТОН АД – Скопје
- БИМ АД – Свети Николе
- БИТЕМ – Скопје
- БУЧИМ – Радовиш
- ГЕИНГ – Скопје
- GEOBRUGG
- ГЕОДИЗАЈН ИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- ГЕОИНГ – МК – Скопје
- ГЕОМАП – Скопје
- ГЕОКОНТРОЛ – Струмица
- ГЕОПРОЕКТ – ПРИМА ДООЕЛ – Скопје
- ГЕОТЕХНИКА – НОВА ДООЕЛ – Скопје
- ГЕОТЕХНИЧКИ ИНЖЕНЕРИНГ - Скопје
- ГЕОХИДРОИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- ГЕОХИДРОКОНСАЛТИНГ – Скопје
- ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" – Скопје
- УКиМ, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ – Скопје
- ГРАНИТ АД – Скопје
- ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје
- ЕВРОКОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје
- ЕЛЕМ АД – Скопје
- ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП - Скопје
- ЖИКОЛ ДООЕЛ – Струмица
- ЗАВОД за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје" – Скопје
- УКиМ, ИЗИИС – Скопје
- ИЛИНДЕН А.Д. – Струга
- ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ – Радовиш
- ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
- УКиМ, КАТЕДРА ЗА ГЕОТЕХНИКА, Градежен факултет – Скопје
- KELLER
- МАЈО ГРУП – Скопје
- КОМОРА на овластени архитекти и овластени инженери
- OCTOPUS – Ријека
- ПРОГРЕС 98 – ИНФРАСТРУКТУРА – Гостивар
- ПРОСТОР – Куманово
- Рудник САСА – М. Каменица
- СИНТЕК – Скопје
- СИНТЕК СПЕЦИФИК – Скопје
- УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – Скопје
- ЧАКАР & ПАРТНЕРС – Скопје
- STRABAG – Скопје

**ДГМ се заблагодарува за пружената поддршка и ги известува пријателските фирми дека со покриени членарини за 2018 и 2019 год. се обезбедуваат две котизации за учество на Петтиот симпозиум 28-30.5.2020!**